РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-253/3
18-08-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21-та седница одржана на 15.08.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката пред ДКСК по предметот број 12-2981/1 од 19.11.2024 година, оформен врз основа на пријава од непознат подносител против службените лица ---------- Управител на Фабриката за опрема и делови -------- АД ------ Скопје и ---------- Управител на ---------, **СЕ ЗАПИРА.**
Наводите изнесени во пријавата со број 12-2981/1 од 19.11.2024 година, за повреда на законските одредби при нивниот избор, **СЕ ПОТВРДУВААТ**.

За констатираното прекршување на законските одредби, ДКСК ќе постапи во рамките на своите законски надлежности и согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со донесувањето на оваа одлука од нејзина надлежност ќе иницира постапка до надлежни органи.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 19.11.2024 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за незаконитости во постапка за изборот на лицето ---------, за Управител на Фабриката за ---------, АД ---- Скопје и за изборот на ----------, за Управител на -------- и оформен е предмет број 12-2981/1 од 19.11.2024 година.

Во пријавата се изнесени наводи за незаконитости во постапка за изборот на управители на две Друштва со ограничена одговорност на -------- односно дека

лицата не ги исполнувале условите предвидени во Законот за трговските друштва, односно немале соодветни сертификати за извршените именувања.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барања за прибирање податоци и информации до Управниот одбор на ------------, по што доставена е документацијата и врз основа на прибавената документација, ја утврдивме следната фактичка состојба:

Со Одлука на Управниот одбор на -------- УО бр.------/13/1 и УО бр.-------/13/2 од --.--.2024 година извршен е избор на двајцата управители на Друштва со ограничена одговорност на ----------.

Согласно законските одредби, кои биле во сила на денот на извршените именувања, уредени во член 231-а од Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016; 64/2018 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.290/2020, 215/2021 и 99/2022) за Управител на друштвото со доминантна или во целосна сопственост на државата, може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови:
1) е државјанин на Република Македонија;
2) има стекнати најмалку 240 кедити според ЕКТЦ или завршен VII/1 степен образование;
3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
4) има минимум пет години работно искуство;
5) поседува еден од следните меѓународни сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години, и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFEL IBT) – најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) – најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) Cambridge English: Legal) – најмалку (Б2) ниво, ФЦЕ ( FCE Camridge English: First) - положен, БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).

Врз основа приложената документација за докажување за исполнување на погоре наведените услови за избор и именување на управители на двете друштва, ДКСК констатира дека избраните лица приложиле Сертификат за завршен курс по англиски јазик, во Центар за странски јазици „---------", што

упатува на тоа дека овие лица не го исполнуваат условот предвиден во член 231-а став 1 точка 5 од Закон за трговските друштва, односно приложените сертификати не се од законски предвидени меѓународни сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик, не постари од пет години, како што предвидува законот.

Исто така истакнуваме дека во доставениот одговор од страна на --------, доставен е Записник број ------- од --.--.2024 година од Државниот инспекторат за труд за извршен инспекциски надзор, во кој е констатирано дека Инспекторатот не утврдил никакви неправилности во работењето на ----------.
Извршивме увид во записникот и констатиравме дека Инспекторатот, во однос на законитоста на постапката за именување на управителите на друштвата, се прогласил за ненадлежен.

Од увидот и анализата на прибраните доказни материјали, ДКСК утврди дека во предметниот случај констатирана е повреда на член 231-а од Закон за трговските друштва, односно од страна на Управниот одбор на ---------, како основач на двете друштва со ограничена одговорност, именувани се управители кои не ги исполнуваат условите, односно истите не поседуваат сертификат за активно познавање на англискиот јазик, не постар од пет години предвидено со законот, што претставува основ за сомневање за несовесно работење и злоупотреба на службената должност и овластување на членовите на Управниот одбот на --------.

Поради наведената фактичка состојба, ДКСК ќе достави Иницијатива за утврдување на одговорност до Основачот на ---------, како и до Основното јавно обвинителство, за нивно понатамошно надлежно постапување.

Заменик - претседател
м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК